Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Дешифрирање равенства - 2

При дешифрирањето на следните равенства важи правилото: *една буква одговара на една цифра, различни букви одговараат на различни цифри*. Еве еден пример:

А + Б = ВВ

Решение: Цифрата В може најмногу да биде 1, затоа што најголемиот збир на два едноцифрени различни броја е 17, број кој е помал од 22. Значи, сега треба да го дешифрираме А + Б = 11. Така, постојат повеќе решенија:

2 + 9 = 11, 3 + 8 = 11, 4 + 7 = 11, 5 + 6 = 11,
6 + 5 = 11, 7 + 4 = 11, 8 + 3 = 11 и 9 + 2 = 11.

1 Дешифрирај ги следните равенства. Испиши ги сите решенија.

а. А + А = БВ

б. АА + А = АБ

2 Дешифрирај ги следните равенства, каде некоја од цифрите е веќе позната и е различна од останатите. Испиши ги сите решенија.

а. 1А + А = 2Б

б. А + АБ = 3В

Copyright © 2015 Математика +

Дешифрирање равенства - 2

Одговори

1

а. Збир на два еднакви едноцифрени броја треба да е двоцифрен број со различни цифри, па А може најмалку да е 5. Сите можни решенија се:

5 + 5 = 10, 6 + 6 = 12, 7 + 7 = 14, 8 + 8 = 16 и 9 + 9 = 18.

б. Сите можни решенија се:

11 + 1 = 12, 22 + 2 = 24, 33 + 3 = 36 и 44 + 4 = 48.

2

а. Според условот на задачата, цифрите А и Б треба да се различни од 1 и 2 секоја. Цифрата А не може да е помала од 5, бидејќи во тој случај збирот 1А + А нема да е двоцифрен број кој започнува со цифрата 2. Сите можни решенија се:

15 + 5 = 20, 17 + 7 = 24, 18 + 8 = 26 и 19 + 9 = 28.

Случајот 16 + 6 = 22 не е решение, бидејќи цифрата Б треба да е различна од 2.

б. Цифрата А најмалку треба да е 2. Секоја од цифрите А, Б, В треба да е рзлична од 3 и да се различни меѓу себе. Значи, цифрата А може да е само 2. Па, сите можни решенија се:

2 + 28 = 30 и 2 + 29 = 31.

Copyright © 2015 Математика +